Република Северна Македонија
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за транспорт**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Transportit dhe Lidhjeve**
**Inspektorati shtetëror për transport**

**Архивски број: 04 – 1066/10**
**Дата:11.08.2022 година**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на Р.М" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.Весник на РСМ" бр.257/19,14/20,215/21 и 99/22) , а во врска со интерниот оглас за унапредување во Државниот инспекторат за транспорт бр.01/2022, и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерен оглас бр.04-1066/2 од 27.07.2022 година, в.д.Директорот на Државниот инспекторат за транспорт донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор за унапредување на административен службеник за работните места број 1 и 2.**

1. Во врска со интерниот оглас број 01/2022 за унапредување на административен службеник во Државниот инспекторат за транспорт, објавен на веб страната на Државниот инспекторат за транспорт и Агенцијата за Администрација, за следните работни места

- УПР0101Б04000 - Раководител на одделение за нормативно-правни работи во Сектор за нормативно – прави работи и општи работи – 1 (еден) извршител од предложената Ранг листа **СЕ ИЗБИРА** следниот кандидат: **Нимет Јашари**
- УПР0101Б04000 - Раководител на одделение за управување со човечки ресурси – 1 (еден) извршител, од предложената Ранг листа **СЕ ИЗБИРА** следниот кандидат **Бесфорт Ајдини,**

2. Директорот на Државниот инспекторатза транспорт во рок од 5 дена на избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе донесе решение за унапредување на административните службеници од точка 1 на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиеното известување за обезбедни средства од Министерство за финансии бр.18-7886/2 од 26.07.2022 год, за унапредување на административни службеници, Државниот инспекторат з атранспорт на ден 28.07.2022 год, објави на веб страната на ДИТ и на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр.01/2022 заведено под бр.04-1066/2 од 27.07.2022 год, за унапредување на 3 државни службеници.

Во врска со наведениот оглас и работните места, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирана со Решение бр. 04-1066/5 од 01.08.2022 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви записник за селекција на кандидатите заведено под бр. 04-1066/8 од 11.08.2022 година, како и спроведе интервју за што е составен Записник под бр.04-1066/9 од 11.08.2022 година.


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21, Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр.04-1066/9 од 11.08.2022 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираните кандидат и истата ја достави до Директорот.

Согласно член 52 од Законот за административни службеници "Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник."
Имајќи го во предвид горенаведениот член, в.д.директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен,во рок од 8 дена.**

**в.д.Директор/u.d.Drejtor,**

Gajur Rushiti

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Кандидатите
- Огласна табла
- Архива


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21, Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk